ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА 2024-2027

Скопје, декември 2023 година

# Содржина:


1. Локација на стратегискиот комуникациски проблем ........................................................2
2. Каков е нашиот комуникациски пристап и од кои принципи сме водени ........................4
4. Кому му се обраќаме и како го правиме тоа.......................................................................7
5. Што сакаме да постигнеме до 2027 година ......................................................................11
6. Што ќе направиме за да ги оствариме нашите цели .......................................................13
7. Како знаеме дека сме ја постигнале целта ......................................................................18

# 1. Локација на стратегискиот комуникациски проблем

*Комуникациската стратегија на ДЗР 2024-2027 (во понатамошниот текст КС-ДЗР 2024-2027)*, е континуитет на процесот на структурно и оперативно унапредување на комуникацискиот систем на нашата институција. Таа е природна надоградба на комуникациските решенија кои ја сочинуваа *Комуникациската стратегија 2020-2023 (КС-ДЗР 2020-2023)*, а кои целеа кон одлучно стратегиско отворање на нашата Врховна ревизорска институција (ВРИ), кон различните целни групи во граѓанскиот и институционалниот домен. *КС-ДЗР 2024-2027* е изградена врз основа на наодите и препораките на *Процената на комуникациските практики на Државниот завод за ревизија по спроведувањето на Комуникациската стратегија 2020-2023,* која (i) направи анализа на структурно-оперативната трансформација на комуникациските функции на ДЗР, во четирите години на спроведување на таа КС и која (ii) направи процена на ефектот на комуникациските алатки дизајнирани за да го овозможат ангажманот на ДЗР со целните групи.

Клучните наоди на *Процената 2023,* откриваат дека од една страна ДЗР, преку своите комуникациски практики, последниве четири години, успеа да втемели двонасочен комуникациски пристап со кој ДЗР се обидува да отвори разговор со целните групи, наместо само да ги информира за својата работа. Од друга страна, наодите сугерираат дека ДЗР мора да работи повеќе, на динамизирање на своите стратегиски комуникации, со што на најјасен и наједноставен можен начин на различните јавности ќе им ги доближи своите сознанија за тоа како се трошат јавните средства и дали во замена за таа потрошувачка биле обезбедени најдобрите можни услуги за граѓаните и биле изградени институции кои работат со најголема можна ефикасност, ефективност и економичност.

Така, КС-ДЗР 2024-2027 не е стратегија за промоција на работата на ДЗР – таа е попрво, стратегија за промоција на отчетноста на целокупниот институционален систем. Главниот комуникациски предизвик кој имплементацијата на овој документ треба да го решава е:

> *На кој начин, преку кои комуникациски канали и со кои пораки, институционалната практика на ДЗР може да поттикне подлабоко и сеопфатно, стратегиски втемелено вклучување на целните групи од граѓанскиот сектор, во заедничката борба за поголема ефикасност, транспарентност и отчетност на актерите во институционалниот систем на Република Северна Македонија.*

И оваа Стратегија како и КС-ДЗР 2020-2023 на актерите во граѓанскиот домен (општа јавност, медиуми, новинари и граѓански организации), гледа како на соговорници, сојузници и партнери во една заедничка цел. Истовремено на нив гледа како на групи за притисок кон институциите, во услови кога тие се неактивни